РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-204/2
24-02-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на ден 17.02.2026 година донесе

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 08-204/1 од 09.01.2026 година е поднесена против лицето _____________, градоначалник на ______________ за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси, СЕ ОТФРЛА.

Предметот со број 08-204/1 од 09.01.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 09.01.2026 година, поднесена е пријава со наводи дека лицето _____________, градоначалник на ______________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси, по што е оформен предмет со број 08-204/1 од 09.01.2026 година.

По разгледување на пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во базите на податоци со кои располага и констатира дека лицето ______________ ја има испочитувано законсата одредба од член 82 став 1 и став 3 од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Законот за спречување на корупција и судирот на интереси односно има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на престанување на функцијата градоначалник на _____________ заверена со Архивски број А.0801-3225 од 24.11.2025 година и Изјава за именување на функцијата градоначалник на _____________ заверена со Архивски број А.0801-3227 од 24.11.2025 година.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:**К.Б, помад соработник
**Контролирл:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:**Б.Ц, член на ДКС

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk